ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 09-180/1
21.03.14 год.
СКОПЈЕ

Пречистениот текст на Правилник за организација и работа на Младите на Црвен крст на Република Македонија, ги опфаќа Правилник за организација и работа на Младите на Црвен крст на Република Македонија (бр. 09-328/2 од 18.04.2013 година) и Одлука за измени и дополнувања на Правилник за организација и работа на Младите на Црвен крст на Република Македонија (бр.09-178/1 од 21.03.2014 година)

Бр: 09-180/1
Скопје, 21,03,2014 година

# ПРАВИЛНИК

## за организација и работа на Младите на Црвен крст на Република Македонија

**(Пречистен текст)**

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Младите на Црвен крст на Република Македонија се организираат и работат на територијата на Република Македонија согласно организационата поставеност на Црвениот крст на Република Македонија и се нејзин составен дел.

Член 2

Младите на Црвениот крст на РМ, своите цели и задачи ги остваруваат согласно Статутот на Црвениот крст на РМ и овој Правилник.

## II. ЗАДАЧИ

Член 3

Задачи на Младите на Црвениот крст на РМ:

1. Ги организираат поттикнуваат и оспособуваат младите за чување на здравјето и подобрување на условите за живот, прва помош, борба против болестите на зависности и други заболувања.
2. Се ангажираат во мотивирањето, унапредувањето и омасовувањето на крводарителството во РМ, врз принципите на доброволност, анонимност и бесплатност.
3. Учествуваат во ублажувањето на социјалните проблеми на младите преку проекти и организирање на хуманитарни акции за собирање на помош;
4. Учествуваат во организирање и давање на хуманитарна и здравствена помош во случај на елементарни непогоди, епидемии и катастрофи;

5. Учествуваат во акции на меѓународна солидарност во случај на елементарни и други несреќи;

6. Се оспособуваат како да постапуваат во случај од елементарни непогоди и катастрофи;

7. Ги промовираат основните принципи на Движењето, Женевските конвенции и Дополнителните протоколи, меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности;

8. Соработуваат со други младински организации и институции;

9. Активно вклучување во одбележувањето на традиционалните манифестации и активности утврдени во Законот за Црвен крст на РМ и календарот на активности донесен од Извршниот одбор на Собранието на Црвениот крст на РМ.

## III. ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

### 1. Совет на млади на Црвен крст

Член 4

Највисок орган на младите на Црвен крст на РМ е Совет на млади на Црвен крст(Советот).

Советот на млади го сочинуваат по еден избран претставник од редовите на Клубовите на млади на Црвен крст.

Член 5

Советот одржува најмалку 2(два) состаноци во годината.

Советот избира претседател и потпретседател од редовите на члeновите на Советот.

Претседателот и потпретседателот се со мандат од две години со можност за повторен избор.

Изборот на претседател и потпретседател на Советот на млади се спроведува согласно Правилата за изборна постапка и верификација на изворниот процес во организацијата на Црвениот крст на РМ.

Член 6

Надлежности на Советот :

1. Донесува Деловник за работа на Советот на млади за претстојниот двогодишен мандатен период и врши измена и дополнување по постапка на негово донесување.

2. Донесува Правилник на Младите на Црвениот крст на РМ и врши измена и дополнување по постапка на негово донесување, по претходно добиена согласност од Извршен одбор на Црвен крст на РМ.

3. Избира претседател и потпретседател на Млади на Црвен крст на РМ;

4. Предлага Стратегија за работа на млади;
5. Донесува годишна програма за работа на Советот на млади;
6. Усвојува годишен извештај за работа на Советот на млади;
7. Донесува упатство за работа на Клубовите на млади
8. Избира претставници за состав во органите и телата на организацијата;
9. Расправа за процедурални прашања од членовите на Советот;
10. По потреба Советот на млади формира тела и работни групи за покоординирано дејствување меѓу две седници на Советот.

Член 7

Координативно тело

За координирање на активностите на младите на национално ниво помеѓу две седници на Советот, Претседателот на млади предлага а Советот на млади именува членови на Координативно тело. Координативното тело на млади на Црвен крст на РМ е составено од 7 члена и одржува редовни состаноци најмалку еднаш на секои два месеци. Со состаноците на координативното тело претседава Претседателот на млади а во негово отсуство Потпретседателот.
За својата работа Координативното тело го информира Советот на млади."

Член 8

Претседател на Советот:

- Ги планира и одржува седниците на Советот на Млади на Црвен крст.
- Ја координира работата на лидерите на Клубовите на млади.
- Ги претставува Младите на Црвен крст на РМ пред други организации.
- Претседател на Совет на млади може да биде кандидат кој има активитет и членува најмалку една година во клуб на млади
- Претседателот по функција се предлага за член на Собранието на Црвениот крст на РМ.

Мандатот на Претседателот на Советот трае 2 години, со можност за повторен избор;

Претседателот на Советот може да биде отповикан од својата должност и пред истекот на мандатот доколку не покажува резултати и успех во работата врз база на извештаите за активностите, не ги почитува одребите од овој Правилник и Статутот на Црвениот крст на РМ, како и на барање од 2/3 од членовите на Советот.

Член 9

Потпретседател на Советот

Потпретседателот ги извршува сите работи во отсуство на претседателот, или работи доверени од страна на претседателот.

Мандатот на Потпретседателот на Советот трае 2 години, со можност за повторен избор;

Потпретседателот на Советот може да биде отповикан од својата должност и пред истекот на мандатот доколку не покажува резултати и успех во работата врз база на извештаите за активностите, не ги почитува одребите од овој Правилник и Статутот на Црвениот крст на РМ, како и на барање од 2/3 од членовите на Советот.

**2. Клуб на млади**

Член 10

Младите на Црвениот крст на РМ во Општинските организации на Црвен крст и во Црвен крст на град Скопје, се организираат во Клуб на млади.

Клубот на млади го сочинуваат најмалку 10 младинци.

Член 11

Член на Клубот на млади, може да биде секој граѓанин на РМ до навршени 30 години возраст, кој го прифаќа овој Правилник и Статутот на Црвениот крст на Република Македонија.

Член на младите доброволно потпишува пристапница и поседува членска книшка со платена членарина.

Член 12

За правата и обврските на Младите на Црвениот крст на РМ се применуваат одредбите од Статутот на Црвениот крст на РМ.

За начинот на престанок и исклучување на член на Младите на Црвениот крст на РМ, се применуваат одредбите од Статутот на Црвениот крст на РМ.

Член 13

Членовите на Клубот на млади:

- ја донесуваат годишната програма за работа на Клубот на млади;
- го усвојуваат годишниот извештај за работа на Клубот на млади;
- го бираат лидерот и заменик лидерот на Клубот на млади;
- избираат претставници за состав во надлежни органи и други институции;
- Иницираат формирање на други организациони форми во рамките на дејствување на клубот на млади.

Член 14

Лидер на Клубот на млади може да биде:

- Член на клубот кој членува во Клубот на млади најмалку шест месеци;
- Член на клубот на млади кој активно учествувал во најголем дел од активностите на Клубот на млади во текот на изминатите шест месеци.

Член 15

Мандатот на лидерот трае 2 години, со можност за повторен избор;

Лидерот на Клубот на млади може да биде отповикан од својата должност и пред истекот на мандатот доколку не покажува резултати и успех во работата врз база на извештаите за активностите, не ги почитува одребите од овој Правилник и Статутот на Црвениот крст на РМ како и на барање од 2/3 од членовите на клубот.

Член 16

Лидерот е задолжен да ги свикува состаноците на Клубот на млади, соогласно Упатството за работа на клубот на млади;

Лидерот ја координира работата на членовите на Клубот на млади;

Член 17

Заменик лидер на Клубот на млади може да биде:

- Член на клубот кој членува во Клубот на млади најмалку една година;
- Член на клубот на млади кој активно учествувал во најголем дел од активностите на Клубот на млади во текот на изминатата година.

Заменик лидерот му помага на лидерот во извршување на утврдените задачи и врши други работи доверени од страна на лидерот, а во негово отсуство го заменува.

Член 18

Мандатот на заменик на лидер на Клубот трае 2 години, со можност за повторен избор.

Заменик лидер на Клубот на млади може да биде отповикан од својата должност и пред истекот на мандатот доколку не покажува резултати и успех во работата врз база на извештаите за активностите, не ги почитува одребите од овој Правилник и Статутот на Црвениот крст на РМ.

Член 19

Изборот на лидер и заменик лидер на Клубот на млади се врши најдоцна на денот на престанокот на мандатот на постојниот лидер и заменик лидер. Лидерот и заменик лидерот на Клубот на млади се бираат од редовите на членовите на Клубот на млади.

Постапката за избори се спроведува согласно Одлуката за распишување избори на младите на Црвениот крст на РМ донесена од Претседателот на Црвен крст на РМ и Правилата за изборна постапка во организацијата на Црвениот крст на Република Македонија.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Правилникот за организација и работа на Младите на Црвениот крст на РМ се донесува на седница на Советот на Млади на Црвен крст со двотретинско мнозинство од членовите на Советот.

Измени и дополнувања на одредбите од Правилникот се вршат на начин и постапка како за негово донесување.

Член 21

Овој Правилник важи за организирање и работа на Младите на Црвениот крст на РМ на територија на РМ.

Член 22

За прашања сврзани со програмските цели и задачи на Младите на Црвен крст, кои не се одредени со овој Правилник ќе се применуваат одредбите од Статутот на Црвениот крст на РМ.

Член 23

Правилникот стапува на сила со денот на негово донесување.

Член 24

Со донесувањето на овој Правилник, престанува да важи Правилникот на Младите на Црвениот крст на Република Македонија од 19.03.2008 година

Претседател на Совет на млади

Нина Цекиќ